Друштво за производство,
тргоција и услуги
МЕБЕЛ ГОДИМЕНТО
Бр. 0507/2
11.09.26 год.
увоз-извоз ДООЕЛ ПРИЛЕП

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 02-4581/12
10-09-2026 20 год. / viti

# ДОГОВОР

## за набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во општина Делчево

## дел 1 - мебел

Овој Договор го склучуваат:

1. **Министерство за социјална политика, демографија и млади**, со седиште на ул. „Даме Груев" бр.14, Скопје, претставувано од Министерот Ѓоко Велковски, во понатамошниот текст: (договорен орган),
2. **Друштво за производство, трговија и услуги МЕБЕЛ ГОДИМЕНТО УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ Прилеп**, со седиште на ул. „ОКТОМВРИСКА 1-1, Прилеп, со ЕМБС 7320175 и ЕДБ 4021018536856 , застапувано од Даниела Димоска , во понатамошниот текст: ( Носител на набавка )

### ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Со овој Договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со **набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во општина Делчево дел 1 - мебел**, по спроведена отворена постапка за доделување Договор за јавна набавка објавена на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) бр.11375/2026 и , согласно позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката и тоа Законот за јавните набавки, Законот за облигациони односи и важечките подзаконски акти, како и важечките прописи од областа на даноците и другите јавни давачки, работните односи, работните услови, заштитата при работа, заштита на личните податоци и другите материјални прописи кои се во сила во моментот на склучување на овој Договор.

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на Одлука за јавна набавка како отворена постапка за **набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во општина Делчево дел 1 – мебел**, со архивски број 02-4581/1 од 24.06.2026 година, број 02-4581/4 од 30.07.2026 година и број 02-4581/5 од 06.08.2026, а согласно Одлука за избор за најповолен понудувач со архивски број 02-6721/9 од 11.12.2025 година, како и врз основа на доставена понуда од носителот на набавката

со која во целост се прифатени условите, барањата и напомените предвидени во тендерската документација.

## ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е македонскиот јазик.

Целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Вкупната вредност на договорот набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во општина Делчево дел 1 – мебел, изнесува 2.193.000,00 денари, без ДДВ.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува 394.740,00 денари.

Вкупната вредност на Договорот со вклучен ДДВ изнесува 2.587.740,00 денари.

Називот, минималните технички карактеристики, понудените технички карактеристики, количина, единечна цена, вкупна цена (без ДДВ), износ на ДДВ и вкупна цена со ДДВ, се дадени во прилог 1 кој е составен дел на овој Договор.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Договорот се склучува на определено време за период од 26 месеци сметано од денот на потпишување на Договорот од двете договорни страни.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 5**

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката предмет на овој договор на начин согласно карактеристиките содржани во техничката спецификација во рамки на прифатената понуда доставена преку електронскиот систем за јавни набавки, која е составен дел на овој Договор.

Носителот на набавката е должен да постапува согласно барањето доставено од одговорното лице за следење на реализација на договорот кај договорниот орган. Испорачаната опрема треба да биде покриена со гарантен период од најмалку 24/12 месеци од производителот/носителот на набавката.

Во овој период доколку се појави потреба овластени лица од детската градинка ќе бидат задолжени да постапуваат по гаранцијата за квалитет на опремата. Носителот на набавката е дожжен во рок од 2(два) дена да се јави на повик од овластено лице во детската градинка кој може да биде испратен по емаил или по пошта и да ги отстрани сите недостатоци.

Доколку е можно недостатоците се отстрануваат на лице место каде стоката е испорачана. Патните трошоци за пренос на стоката кога има потреба од замена и патните трошоци за лицата се на товар на Носителот на набавката.

Доколку не може да се отстранат надостатоците на стоката Носителот на набавка е должен да испрати замена најдоцна 3 дена од истекот на рокот за нејзина исправка.

Генерално, за сите позиции во табелата определена во член 3 која е составен прилог на овој Договор, важи дека набавка и транспорт на соодветните стоки се смета дека е на товар на носителот на набавката и пресметано во вкупната цена на позицијата.

Стоките кои се предмет на набавката, потребно е да се изработени во согласност со Законот за безбедност на производите („Сл.весник на РМ" бр.33/06, 63/07, 24/11, 51/11, 148/11, 164/13, 152/15 и 53/16).

Рокот за испорака на стоката е 45 дена сметано од денот на прием на нарачка доставена од страна на одговорното лице за следење на реализација на договорот кај Договорниот орган.

## ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 6

Договорниот орган се обврзува по прием на стоките испорачани на начин како што е определено во член 5 од овој Договор, да изврши плаќање на начин и под услови како што е определено со овој Договор.

Лице задолжено за реализација на договорот кај Договорниот орган е Езерка Папастеревска или друго лице овластено од Министер.

## НАЧИН И УСЛОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 7

Договорниот орган плаќањето ќе го врши вирмански по секоја целосна испорака на стоката согласно нарачките, во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на договорниот орган - Министерство за социјална политика, демографија и млади придружена со примерок од испратница.

Рокот на плаќање започнува од денот на доставување на уредна фактура со потпишана испратница од двете договорни страни.

Носителот на набавката фактурата, поткрепена со примерок од испратницата и записник за квантитативен и квалитативен прием потпишан од овластените лица на двете договорни страни, ја доставува до Договорниот орган на следната адреса Министерство за социјална политика, демографија и млади, ул. Даме Груев бр.14, 1000 Скопје.

Договорниот орган го задржува правото да ја врати фактурата доколку не е комплетна и да поднесе рекламација на пресметката на фактурата во рок од 10 дена, сметано од денот на приемот на фактурата.

Фактурата ги содржи особено следниве елементи:
- повикување на број на договорот
- датум на изготвување на фактурата
- количини со опис на стоката дефинирана по позиции онака како што се опишани во техничката спецификација
- единечни договорени цени за секоја од позициите без вкалкулиран ДДВ
- вкупни цени по позиции без вкалкулиран ДДВ
- вкупна цена на фактурата
- пресметка на данокот за додадена вредност
- вкупна цена за исплата по фактурата (доколку имало евентуално намалување)
- валута на плаќање
-рок на плаќање и
-сметка и банка на давателот на фактурата.

## ГАРАНЦИЈА ЗА НАВРЕМЕНО И КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 8

Носителот на набавка е должен да обезбеди гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во вид на банкарска гаранција во вредност од 10% од вредноста на договорот за јавна набавка со вклучен ДДВ.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност од дополнителни 60 дена од рокот предвиден за целосно реализирање на договорот.

Носителот на набавка е должен да достави неотповиклива, безусловна и наплатива на прв повик банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот.
Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот Носителот на набавката ја доставува најдоцна во рок до 7 (седум) дена од потпишувањето на договорот.
Потпишаниот договор без доставена банкарска гаранција ќе се смета за неважечки и нема да предизвика правно дејство.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Оваа гаранција се враќа на носителот на набавката, во рок од 14 дена од денот на целосно реализирање на договорот.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

## ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ, ОДНОСНО НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 9

Договорните страни се договорија дека Носителот на набавката ќе му плати на Договорниот орган определен паричен износ (договорна казна) ако не ја исполни својата обврска согласно овој договор, а особено ако договорот е раскинат поради вина на Носителот на набавката.

Договорната казна изнесува 0,1% (1 промил) од вкупната договорена цена, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 5% од вкупната цена на стоката, предмет на набавка.

## ВИША СИЛА

### Член 10

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради "Виша сила", "Виша сила " значи исклучителен настан или околност:

a. кој е надвор од контрола на страните;

б. против кој ниедна од страните не можела разумно да преземе мерки пред стапување на Договорот;

в. кој, откако настанал, страната не можела разумно да го одбегне или да го совлада и

г. кој не може во голема мера да се припише на друга страна;

Вишата сила може да вклучува, но не е ограничена на исклучителните настани или околности опишани во точките од I до V, се додека се исполнети горенаведените услови од (а) до (г):

I. војна, непријателства, инвазија, акт на непријателства;

II. бунт, тероризам,револуција востание,воена сила или граѓанска војна;

III. немир, раздвиженост, неред, штрајк или блокада од лица кои не се персонал на изведувачот или подизведувачите;

IV. воена муниција, експлозивни материјали, радијација или радиоактивност од страна на изведувачот;

V. природни настани (пожар, поплава, земјотрес пандемија, лоши временски услови, невообичаено за годишното време и за местото на кое се изведуваат работите, утврдени во градежен дневник и сл.);

Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине спогодбено.

Доколку изведбата на сите работи во голема мера е спречена во непрекинат период од 30 (триесет) дена поради "Виша сила " за која е дадено известување, тогаш која било од страните може да даде известување за раскинување на Договорот.

## ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 11**

За се што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

## УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 12**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 13**

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

**Член 14**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.
Ако една страна го извршила договорот целосно или делумно има право да и се врати она што го дала.
Ако двете страни имаат право да бараат враќање на даденото, заемните враќања се вршат според правилата за извршувањето на двостраните договори.
Секоја страна и должи на другата надомест за користа што во меѓувреме ја имала од она што е должна да го врати, односно да го надомести.
Страната што враќа пари е должна да плати затезна камата од денот кога ја примила исплатата.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 15**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање, во спротивно надлежен за решавање на сите евентуални спорови е Граѓански Суд Скопје.

## ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 16**

Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност може да се дополни и/или измени само врз основа на член 119 од Законот за јавни набавки.
Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.
Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.
Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 17

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Член 18

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

| | |
|---|---|
| **Договорен орган:** | **Носител на набавката** |
| **Министер** | **Управител** |
| **Ѓоко Велковски** | Даниела Димоска |

Изработил: Теодора Васиќ Петровска, Советник
Одобрил: Љубица Панова, Раководител на сектор
Согласен: м-р Јулијана Павковска Боцевска, по овластување на министер